**ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА 1 (ЕДЕН) ВЕБ ДЕВЕЛОПЕР ЗА ИЗРАБОТКА НА ВЕБ ПЛАТФОРМА, ОДРЖУВАЊЕ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА**

**Технички информации за ангажманот**

**За ангажманот**

Ангажираниот веб девелопер за изработка и одржување на веб платформата е предвидено својот ангажман да го заврши помеѓу 1 февруари и 31 јули 2025. Со избраниот понудувач ќе се одржи информативен состанок за проектот каде ќе се специфицира дизајнот и функционалноста на веб платформата. Ангажираниот ќе биде исплатен по целосното завршување на дизајнот и развојот на веб платформата, и откако истата ќе биде одобрена од страна на нарачателот на веб-платформата за медиумска писменост, додека за одржувањето на веб платформата ќе биде исплаќан месечно.

**Потребни квалификации**

Понудувачот треба да ги исполнува следните услови:

- Најмалку 5 години искуство во областа на веб технологиите
- Претходно искуство во соработка со граѓански сектор ќе се смета за предност.

**Работни задачи и услуги:**

Обврска на понудувачот е да ги испорача следните услуги:

- Развиена и функционална платформа за медиумска писменост со интегриран видео курс за медиумска писменост и систем за тестирање на стекнатите знаења од курсот. Платформата треба да биде усогласена со насоките на проектниот тим на нарачателот и согласно со договорените рокови.
- Корекции согласно со насоките и роковите дефинирани од нарачателот.
- Тестирање (по потреба внесување на податоци и поддршка во администрирањето на веб платформата по барање на нарачателот).
- Обука на лице што ќе ја администрира веб-платформата откако ќе истече договорениот рок со ангажираниот за изработка на веб платформата.
- Одржување на веб платформата за времетраење на проектот.
- Безбедносни мерки согласно со потребите на нарачателот.

**Очекувани продукти:**

- Дизајн и изработка на платформа со интегриран видео курс за медиумска писменост и систем за тестирање на стекнатите знаења (согласно со претходно утврден site map).
- Кориснички интерфејс
- Одржување на веб платформата за период од 5 месеци

Временска рамка

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Објавување на јавниот повик за изработка на веб платформа за медиумска писменост | 23.01.2025 |
| 2 | Затворање на повикот | 29.01.2025 |
| 3 | Склучување на договор | 03.02.2025 |
| 4 | Испорака на развиена и функционална платформа за медиумска писменост | 03.03.2025 |
| 5 | Испорака на услуги на одржување на веб платформата | 31.07.2025 |

**Прилагодлив дизајн**

Потребно е да биде изградена со лесен, едноставен прилагодлив дизајн (responsive design) со што ќе се овозможи автоматска промена на структурата и големената на елементите од веб страната во зависност од уредот на кои се прикажува: мобилни телефони, таблети, лаптопи или десктопи.

Карактерисактеристики што треба да бидат имплементирани:

- Веб апликација со поддршка на македонски јазик наменета за информативна содржина
- Веб стандарден код;
- Оптимизирани слики и графички решенија;
- Административен панел
- Изработка и програмирање на заштитен административен дел со ограничен пристап, во кој право на пристап би имале одговорните лица и администраторот
- Можност за внесување на нови, едитирање на постоечките како и бришење на записи во базата.
- Едноставна за користење
- Пребарување
- Социјални мрежи и линкови за поврзување
- Google Analytics – Имплементација на код за Google Analytics, за анализа и следење на посетеноста.

**Техничкото одржување опфаќа:**

- Одршување и ажурирање на платформата согласно роковите дефинирани во повикот.
- Техничко одржување на серверот каде што се хостира платформата
- Дневен Back up на податоци
- Реставрација на податоци

- Чистење на хостинг меморијата од непотребни логови и/или back up фајлови
- Техничкото одржување треба да опфати и одредени промени/модификации на постоечките модули и функционалности

**Google Analytics**

Во платформата потребно е да биде вградено поврзување со Google Analytics, со што ќе се овозможи преглед на статистики поврзани со посетеноста на веб-платформата.

**Search Engine Optimization (SEO)**

Во платформата потребно е да бидат вградени соодветни елементи и техники со цел постигнување на висок ранг во пребарувањата кај машините за пребарување, како Google, Bing, Yahoo итн.

**Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:**

- Биографија и Портфолио од реализирани проекти
- Финансиска понуда со временска рамка (документ во прилог, анекс 1)
- Најмалку две препораки

**Начин на аплицирање**

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани правни и физички лица.

Ве повикуваме да ни доставите финансиска понуда според барањата и временска рамка во која би била изработена платформата, до Здружението на граѓани Граѓански патеки Битола на е-пошта: **graganskipateki@gmail.com**

Како наслов на електронската порака наведете: „Понуда за веб-платформа за медиумска писменост.

Документите во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице во правното лице, односно само потпис од понудувачот доколку е физичко лице.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од понудувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оргиналот“.

Изборот ќе се изврши според следните критериуми:

- Техничка исправност 30%
- Искуство 40%
- Финансиска понуда 30%

**Понудата треба да се достави не подоцна од 29.01.2025 година, до 23:59 часот.**

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Сите понудувачи кои доставиле понуди и ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.